eTwinning работилница - краткотрајна обука во рамки на Еразмус+ проектот APPic Learning во Естонија од 29.02.2020 до 02.03.2020

Во периодот од 29.02.2020 до 02.03.2020 година во Тарту, Естонија се одржа eTwinning работилница – краткотрајна обука како дел од Erasmus+ проектот APPic Learning. Од секоја од државите од каде што доаѓаат партнер училиштата имаше по тројца учесници на оваа eTwinning работилница. Работилницата ја водеше Маја Виденовиќ, која е eTwinning Амбасадор.







На почетокот на работилницата, акцентот беше поставен на тоа зошто, како и што претставува eTwinning. Некои од учесниците во работилницата првпат се среќаваа со eTwinning и беа многу заинтересирани, поставуваа прашања за придобивките, начинот на кој се спроведуваат проектите и можностите за професионален развој.





Потоа следуваше интерактивна работилница на која се презентираше eTwinning платформата. Учесниците се регистрираа на оваа платформа, ги уредија своите профили и започнаа комуникација на eTwinning. Потоа им беше дадена насока на кој начин може да најдат партнери, како и идеи за идни проекти.





Елементите на eTwinning платформата беа дискутирани, и учесниците беа заинтересирани во различни форми на професионален развој, како и придобивките од оваа платформа за нив и нивните училишта. Дел од дискусијата продолжи во насока на тоа како да да се направи поголема видливост на проектите и да се постигне поголем импакт.

Координаторите од различни држави започнаа со пополнување на Twinspace на проектот и поставување на материјали од претходната мобилност таму. Се дискутираа и идните активности на оваа платформа, како на пример организација на eTwinning конференција пред мобилноста во Тарту, во месец мај.



Други организациски работи беа дискутирани за време на состанокот и тековните активности во секое од партнер училиштата. Процесот на креирање на мобилна апликација, како финален продукт на проектот, исто така беше дискутиран. Навистина корисна работилница која како резултат имаше зајакнување на знаењата и вештините на

сите учесници за користење на eTwinning платформата, но во исто време овозможи продлабочување на соработката помеѓу учесниците од партнер училиштата.

